MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2723/2
16-03-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ------- --------------- од с. --------, С------, на 28-та седница одржана на ден 29 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2723/1 од 15.05.2019 година на подносителот ------- --------------- од с. --------, С------,, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот со број 12-2723 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2723/1 од 15.05.2019 година.

Предметот со број 12-2723 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2723 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2723/1 од 15.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ------- --------------- од с. --------, С------,.

Во доставената пријава се изнесени наводи за незадоволство од постапување на институции во државата во предмет против Југомаркет – Штедилница - Банка – Скопје, заведен до Окружниот стопански суд Скопје во 1994 година, во кој подносителот на пријавата се јавува како доверител во стечајната постапка отворена над истата и го пријавува своето побарување по основ на неисплатена и непресметана камата по договор за орочени штедни денарски и девизни депозити склучен во 1993 година на име основен долг и фиксна камата. Подносителот на пријавата наведува дека од 26 години немал ни пресуда ни извршно решение за предметниот случај, а во заведената судска постапка бил застапуван од адвокат и во прилог доставува поднесоци доставени до Окружниот стопански суд, пресуди од Општински суд Скопје и од Апелационен суд во Скопје од 1997 година.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата и приложената документација кон истата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и по извршените проверки констатира дека во конкретниот случај станува збор за постапување во период во кој се случил колапс на


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

неколку финансиски институции во државата, финансиски скандал со неколку приватни штедилници и голем број на случаи за измама на граѓаните како штедачи во истите, како и дека се работи за постапка во која од страна на подносителот биле искористени сите правни средства пред надлежните судови во сите степени на одлучување пред повеќе од дваесет години, што подразбира истечен рок на застареност, (апсолутна застареност), на евентуално сторени коруптивни дејствувања, кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Согласно со констатираното, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај .

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 февруари 2020 година под бр. 12- 2723/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член/Заменик претседател на ДКСК